РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД
Су02. 22/2019 - 2
25.11 2019 год.
ВИНИЦА

Трговец поединец за завршни работи во градежништвото КОЛОР ТИМ Душко Мите Митков ТП
Бр. 25/11/01
25.11 2019 год.
Соколарци, Чешиново-Облешево

# ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА РАБОТИ

за реконструкција и опремување на сервер соба

Склучен на ден 25.11.2019 година помеѓу следните:

## ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**1.** Основен суд Виница, со седиште на ул.Бел Камен бб Виница, ЕМБС 5126606, даночен број 4005945102639, застапуван од претседателот на судот Васка Петрова од една страна,како договорен орган односно нарачувач

и

**2.** Трговец поединец за завршни работи во градежништвото КОЛОР ТИМ Душко Мите Митков ТП Соколарци, Чешиново- Облешево, ЕМБС [redacted], даночен број [redacted], со седиште на [redacted], с.С[redacted], Ч[redacted]-О[redacted], застапуван од управителот Душко Митков од с.С[redacted],Ч[redacted]-О[redacted], како носител на набавката или изведувач

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Со овој договор изведувачот се обврзува да изврши на веќе постоен објект други градешни работи-реконструкција и опремување на сервер соба во Основен суд Виница , а нарачувачот се обврзува за тоа да му исплати определена цена.

Работите од член 1 на овој договор треба да се изведат според техничките спецификации како и описот и количините од договорената пресметка со цени дадени согласно понудата на изведувачот кои се составен дел на договорот, како и важечките прописи, правила и стандарди согласно Правилникот за ИТ стандардите за информатичка опрема во администрацијата.

**Член 2**

Со овој договор нарачувачот и изведувачот ги регулираат своите права и обврски.

Договорот се склучува врз основа на прифатена понуда поднесена од изведувачот по Оглас бр.12170/2019 на ЕСЈН и Одлуката за избор на најповолна понуда Су02-22/2019 -1 од 21.11.2019 година донесена од претседателот на Основен суд Виница.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Вкупната цена на набавката на работите предвидени во чл.1 од овој договор изнесува 252.616,00 денари без вклучен ДДВ од 18%, данокот на додаена вредност изнесува 45.470,88 денари, односно

вкупната вредност на договорот изнесува 298.086,88 денари.

## РОКОВИ

**Член 4**

Рокот за изведување на работите предвидени во чл.1 од овој договор почнува да тече од денот на воведувањето во работа од страна на нарачателот најкасно во рок од 5 дена по склучување на договорот. Работите предвидени со овој договор треба да бидат извршени во рок од 7 дена од денот на воведување во работата.
Договорениот рок за извршување на работите, може да се продолжи во следниве случаи:
-доколку договорените страни обострано се договорат;
-поради виша сила;
-во случај на зголемување на работите повеќе од 5%.

## ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

**Член 5**

При изготвувањето на фактурата (во три оригинални примероци), Изведувачот е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- вкупна цена на фактурата;
- други зголемувања или намалувања, согласно со договорните услови (камати, пенали, разлики на цени и сл.);
- пресметка за ДДВ;
- валута на плаќање.

## НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ, ЗАТЕЗНА КАМАТА ЗА ЗАДОЦНЕТО ПЛАЌАЊЕ

**Член 6**

Начин на плаќање е по извршените работи и доставената фактура во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на договорниот орган, на сметка и банка за која писмено ќе го извести нарачателот.

## РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА

**Член 7**

Единичните цени за изразување на поделните фази и позиции од договорените работи се дадени во понудата, која е составен дел на овој договор.Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

## ОБВРСКИ НА НАРАЧУВАЧОТ

**Член 8**

Нарачувачот е должен да обезбеди средства за договорените работи и за истото да обезбеди доказ пред воведувањето на изведувачот во работа.

**Член 9**

Нарачувачот е должен да изврши технички прием а после писмено известување од страна на изведувачот дека работите се извршени.

**Член 10**

Завршната конечна ситуација по фактура нарачувачот ќе ја исплати во рокот од чл.7 на Договорот доколку со извршениот технички прием не се констатираат недостатоци во квалитетот и квантитетот на извршените работи.

**Член 11**

Во случај на недостатоци во однос на квалитетот на извршените работи, нарачувачот стекнува право да задржи на име времен депозит 10% од вредноста на неквалитетно извршените работи до нивно отклонување.

## ОБВРСКИ НА ИЗВЕДУВАЧОТ

**Член 12**

Изведувачот е должен сите работи предвидени во овој договор да ги изврши во договорениот рок согласно Техничките прописи за изведување на ваков вид работи.
Доколку изведувачот не ги изведе договорените работи во предвидениот рок, нарачателот стекнува право да наплати пенали во висина од 5% од вкупната вредност на извршените работи за секој ден закаснување.

Изведувачот е должен во објектот да вградува материјали и опрема што му одговараат на пропишаниот или договорениот квалитет согласно техничката спецификација. Ако е потребно Изведувачот е должен да изврши соодветно испитување на материјалот.

Ако методите за испитување на материјалите не се определени со документација или со техничките прописи, ги определува Изведувачот.

Трошоците за испитување на материјалите ги поднесува Изведувачот.

**Член 13**

Ако Изведувачот не ги изведува работите според договорената документација, техничките прописи и стандарди, како и според резултатите од сопственото испитување и правилата на струката, Нарачувачот има право да бара запирање на натамошното изведување на работите, односно, да бара промена на материјалите или употреба на материјали и опрема од соодветен квалитет. Ако на тој начин е доведена

во прашање сигурноста на објектот, животите на луѓето или на соседните објекти, Нарачувачот има право да бара Изведувачот да ги урне изведените работи и работите повторно да ги изведе на свој трошок на начин што е договорен.

**Член 14**

Изведувачот е должен да даде докази за квалитетот на употребените материјали и опрема и на изведените работи и да му овозможи контрола на Нарачувачот.

Конечната оцена на квалитетот на изведените работи и на употребените материјали и опрема се врши при примопредавањето на изведените работи.

**Член 15**

Ако Изведувачот во текот на изведувањето на работите не постапи по основаното барање на Нарачувачот и не ги отстрани недостатоците на изведените работи, Нарачувачот може да го раскине договорот и да бара од Изведувачот надомест на штета што настанала поради неквалитетно изведените работи и поради раскинувањето на договорот.

Изведувачот е должен да ги преземе сите законски мерки за заштита при работа.За штетата причинета при изведување на работите одговара изведувачот.

**ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН**

**Член 16**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи во Република Македонија .

**ВИША СИЛА**

**Член 17**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила.

Под Виша сила се подразбира се она што е регулирано со Законот за облигациони односи.

Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

**РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**

**Член 18**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку не дојде обострано прифатливо решение во рок од 15 дена, сите евентуални спорови ќе ги решава Основен суд Кочани.

**РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 19**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата страна без одлагање, по писмен пат.

**КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ**

**Член 20**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 21**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 22**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 23**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

Нарачател,
Основен суд Виница

Претседател на судот,
Васка Петрова

Изведувач,
ТП КОЛОР ТИМ
с.Соколарци, Чешиново-Облешево
Управител,
Душко Митков